## 51. СТЕМНИЛО МИ СЕ, СМРАЧИЛО

Крај: Тиквеш, Ваташа
Пеела: Нада Трајкова
Родена: Ваташа, 1941 год.
Мелограф.: Ал. Линин

Лента бр.: 248/2
Снимена: Ваташа, Тиквеш
26 октомври 1959 год.
Мелограф.: Скопје, 25.05.1964.




1. Стемнило ми се смрачило,
   момето патот згрешило;

2. момето патот згрешило,
   отиде в гора зелена;

3. отиде в гора зелена,
   на Димковото бачило;

4. сите на нога станаја,
   само Цинот не стана;

5. тогај ле Цинот извикна:
   — Викните попа и кума;

6. викните попа и кума,
   момето да го венчаме;

7. кога во црква одеја,
   крвава роса зароси;

8. кога од црква идеја,
   ситни камења маваше;

9. тога ле попот извикна:
   — Да не сте нешто роднина?

10. Роднина биле, леле,
    роднина: вујко и внука.

Забелешка: Интерполацијата „леле“ се пее во секој непарен стих; рефренот — по секој непарен стих.

Линин, Александар. Тиквешки народни песни. Скопје: Мисла 1978